- идентификува приоритети во областа на интегрирано гранично управување,
- укажува на потребата за обезбедување на средства за имплементација на Стратегијата и Акцискиот план,
- предлага на Владата на Република Северна Македонија материјали за разгледување и усвојување поврзани со интегрираното гранично управување,
- координира имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план со соседните земји и други координативни тела во регионот,
- ја следи работата на Меѓуресорската експертска група за интегрирано гранично управување.

Член 4

Советот се состанува најмалку еднаш на шест месеци, а по потреба и почесто.

Член 5

Седниците на Советот се јавни.

Советот може да одлучи да работи без присуство на јавноста, во случаите утврдени со деловникот на Советот.

Член 6

Советот донесува деловник за својата работа.

Член 7

Стручно-административните работи за потребите на Советот ги врши Националниот координатор за интегрирано гранично управување.

Член 8

Советот доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, заради нејзино информирање.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 41-2472/ 3**
**9 март 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата